# TOBACCO®

ISO 9001 & ISO 14001 сертифицирана компанија

Водечка компанија со 21 годишна традиција на македонскиот пазар во доменот на продажбата и услугите, со развиена малопродажна и големопродажна мрежа со софистициран систем на дистрибуција, застапник и дистрибутер на неколку реномирани компании и светски познати брендови, има потреба од млад и амбициозен кадар за пополнување на следниве позиции:

## Раководител за малопродажба

Како дел од раководството на компанијата Раководителот за малопродажба ќе одговара директно на Директорот за продажба и ќе раководи со тим од Регионални раководители. Кандидатот ќе биде одговорен за координација и контрола на процесите и активностите во малопродажната мрежа, подготовка и имплементирање на интерни директиви, процедури и работни инструкции поврзани со работата во службата, во согласност со стратегијата и бизнис планот на компанијата. Неговата улога ќе опфаќа анализа на пазарот, анализа на конкуренцијата, анализа на нови производи, известување за постигнати продажни резултати и други активности потребни за остварување на планот на продажба.

### Потребни квалификации:

- Висока стручна спрема
- Минимум 2 години соодветно работно искуство
- Одлично познавање на MS Office програмот
- Одлично познавање на англиски јазик
- Возачка дозвола Б-категорија

### Способности и професионални вештини:

- Познавање на каналите за продажба и ориентираност кон остварување на продажни резултати
- Способност за работа под притисок и кратки рокови
- Добри комуникациски, организациски и лидерски способности
- Самоиницијативност, тимска работа и проактивност

## Регионален раководител за малопродажба за реон Запад и Исток

Регионалниот раководител за малопродажба е одговорен за координација на активностите и процесите во малопродажната мрежа. Неговата улога ќе опфаќа редовна посета на продажните места, обуки, менаџирање и следење на зададените таргети и останати активности за остварување на планот на продажба. За својата работа одговара пред Раководителот за малопродажба и Директорот за продажба. Раководи со тим од Раководители на продажни места и Референти за продажба.

### Потребни квалификации:

- Средна или висока стручна спрема
- Минимум 1 година соодветно работно искуство
- Одлично познавање на MS Office програмот
- Одлично познавање на англиски јазик
- Возачка дозвола Б-категорија

### Способности и професионални вештини:

- Способност за работа под притисок и кратки рокови
- Добри комуникациски, организациски и лидерски способности
- Самоиницијативност, тимска работа и проактивност

## Продукт менаџер

Продукт менаџерот има стратешка улога во компанијата. Неговата улога опфаќа редовна комуникација со добавувачите, регионалните менаџери за малопродажба, грижа за позиционирањето на производите, рекламниот материјал во продажните места, со цел следење и остварување на продажните таргети на група на производи/услуги за кои е задолжен, посета на продажните места и обуки, како и останати активности за остварување на планот на маркетинг и продажба. За својата работа одговара пред Раководителот за маркетинг и Директорот за продажба.

### Потребни квалификации:

- Висока стручна спрема
- Минимум 1 година соодветно работно искуство
- Одлично познавање на MS Office програмот
- Одлично познавање на англиски јазик
- Возачка дозвола Б-категорија

### Способности и професионални вештини:

- Способност за работа под притисок и кратки рокови
- Добри комуникациски, организациски и лидерски способности
- Самоиницијативност, тимска работа и проактивност

**Ве молиме во апликацијата наведете за кое работно место аплицирате**

На кандидатите им нудиме: пријатна работна атмосфера, работа во динамично окружување, можност за стручно усовршување и напредување, атрактивен награден пакет.
Доколку сакате да бидете дел од успешниот тим на **TOBACCO** и ги исполнувате наведените квалификации испратете: **кратка биографија (CV) и референци од претходни вработувања**, најдоцна до **27.01.2012 г.** на адреса: ТОБАКО АД Скопје, До: Служба за правни работи Бул. Крсте Мисирков 66, 1000 Скопје или на **e-mail: vrabotuvanje@tobacco.mk**
Само кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју. Сите пристигнати биографии ќе се третираат со максимална доверливост. Апликациите со непотполна документација нема да бидат разгледани.

w w w . t o b a c c o . m k